# ИНЈЕКТИНГ К

*Адитив за цементни инјекциони смеси, смеси за инјектирање на кабли за преднапрегање и смеси за залевање и репарација.*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Се употребува како адитив за припремање на цементни инјекциони смеси наменети за инјектирање на кабли кај преднапрегнати носачи, како и за инјектирање или залевање на пукнатини во бетонски елементи и др.

## СВОЈСТВА

- Овозможува редукција на водата за припремање на цементните инјекциони смеси;
- Овозможува постигнување на висока флуидност на инјекционата смеса при низок W/C фактор (W/C<0.45);
- Го намалува /компензира собирањето на цементната инјекциона смеса или предизвикува блага експанзија;
- Ја намалува или елиминира опасноста од појава на издвојување на вода на свежата инјекциона смеса;
- Ги зголемува јакосните карактеристики на стврднатата инјекциона смеса;
- Ја зголемува отпорноста на мраз и соли на инјекционата смеса;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|
| Изглед | Сива прашкаста материја |
| Запреминска маса без пори и шуплини | 2080 – 2140 kg/m³ |
| Запреминска маса во растресита состојба | 870-930 kg/m³ |
| pH вредност на 2% раствор | 11,0-13,0 |
| Содржина на хлориди растворливи во вода | ≤ 0,1 % |
| Содржина на алкалии ($Na_2O$ еквивалент) | ≤ 5% |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА И ДОЗИРАЊЕ

Препорачаното дозирање на ИНЈЕКТИНГ К изнесува 4.0 % од масата на цементот. Припремањето на инјекционата смеса се врши по следната постапка : во определената количина на вода при постојано мешање се додава потребната количина на цемент, а потоа се додава ИНЈЕКТИНГ К. Мешањето се врши машински, додека не се добие хомогена смеса без грутки, но не подолго од 5 минути. Целиот процес на мешање и вградување на инјекционата смеса не треба да трае подолго од 30 минути. Пред да се внесе инјекционата смеса во инјекторот, истата мора да помине низ сито.

Пред секоја употреба неопходно е да се извршат претходни испитувања заради утврдување на компатибилноста на адитивот со употребениот вид на цемент, како и заради подесување на точното дозирање на адитивот со кое ќе бидат исполнети бараните услови на квалитет на инјекционата смеса.

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќи од 4 и 15 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце . Рок на употреба: 12 месеци.



Опасност по здравјето:
Потребно е да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожа, очи или да дојде до вдишување на материјалот. Во случај на контакт на кожата или очите, потребно е да се измие со вода и сапун. Во случај на контакт со очите, потребно е веднаш да се изврши плакнење со чиста проточна вода, како и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Инјектинг К е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање:
Чистење на остатоци од Инјектинг К се врши со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна опрема на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk